Томо ТОМОСКИ

# ПРЕСПА ВО СРЕДНИОТ ВЕК

Преспа е име за предел во западна Македонија. Тоа име се употребува и во називот на тамошното езеро. Словенскиот збор „преспа“ се употребува и во албанската и во грчката номенклатура. Албанскиот назив за езерото и за пределот гласи: Liq. i Prespes, Prespa e Vogel, Krahina Prespes а грчкиот: Λιμνη μεγαλη Πρεσπα

. Меѓутоа, во Грција има настојување називот Преспа да се пишува со Megali Wrygiis. Називот е изведен од името на античкото племе Брига или на античкиот град Бригион. Употребата на овој назив секако бара проверување, бидејќи останува сè уште неуточнета територијата на приведеното античко племе, како и положбата на античкиот град. Според Фанула Папазоглу Бригиас и Бригион се македонски градови, а Брига е старо племе, кое живеело на горниот тек на р. Еригон (Црна), на десниот брег, во планинскиот предел околу селата Смилево и Брежани. Во XVII век, во времето на турското владеење и кога Македонија била непозната земја, била нацртана картата La Macedonia descrita di Giacomo Canteli da Vignola 1689. На неа се забележани: Ascuris L. на место Преспанско Езеро, потоа река Преполи, која извира од приведеното Езеро. На изворот на таа река стои Преспа.

Во средниот век, во Преспанската котлина постоела месност со име Преспа. Според Влоѓимјеж Пјанка, во средниот век, тоа име го носело некое помало место, кое подоцна се пренесло на целата област и на двете езера. Притоа, тој правилно согледал дека станува збор за некое место со натурено земјиште, по секоја веројатност остров. Пред сто и повеќе години J. Г. ф. Хан при патувањето низ пределот попусто се распрашувал и барал населба Преспа.

Преспа е котлина на границите спрема Албанија и Грција, меѓу планините Горбец и Орохска планина (од југ), Баба (од исток), Бигла (од север) и Петрино, Галичица и Суха Гора (од

запад). Голем дел од областа е исполнет со езерска вода. Еден тесен песочен насип што се протега во јужниот дел во должина од 3 км и широчина околу 1 км го дели Езерото на два дела: на Големо и Мало Преспанско Езеро. Песочната брана е една ретка природна појава. Имено, станува збор за еден агол, во

ПРЕСПА И СОСЕДНИТЕ ПРЕДЕЛИ

М=1: 200 000



Езерото, кој со векови бил изложен на силни удари од ветер и засипуван со песок. На тој начин таму се направила „преспа“, една песочна преграда. Притоа, водата на Малото Преспанско Езеро е за неколку метри повисока од водата на Големото Преспанско Езеро. Нивото на езерската вода се спушта и повторно се качува што може да се види и од оставените траги во крајбрежниот појас.

Преспанското Езеро лежи на надморска висина од 853 м, за 158 м повисоко од Охридското Езеро и за 37 м повисоко од нивото на исушеното Малики Езеро.

Во Езерото се вливаат повеќе плански реки со краток тек, меѓу кои и Голема Река, која тече низ Ресенското Поле. Според Евлија Челебија Преспанското Езеро наводно добивало вода од Охридското Езеро. Езерото нема површински речен одлив како што го има Охридското Езеро со реката Дрим. Во близината на Преспа тече реката Девол, која ги излива водите во Јадранското Море.

Природните услови секако имале одраз врз занимањето на населението во средниот век. Земјоделството особено се развило во полето околу Ресен и на источното крајбрежје на Езерото. Во XIV век охридскиот манастир Богородица Перивлепта имал имот „метохија Јанков Дол“ во Преспа. Освен тоа, и сточарството било една раширена стопанска гранка, особено во ридско-планинскиот дел од областа. Според византискиот писател Јован Скилица, кон крајот на X век, во планините меѓу Преспа и Костур имало Власи-сточари. Тие, таму, на тамошните пасишта, преку лето го изведувале својот добиток. За летно сточарење на Власи во XI век известува и византискиот писател Кекавмен. Тој оставил податок за движењето на Власите (добиток и жени), од април до септември, од Тесалија во високите и ладни планини на Македонија. Летните бачила на планината Галичица ги забележал и Евлија Челебија во средината на XVII век. Тој пишува со восхит за „горската висорамнина Исток“, за убавиот поглед што оттаму се протега врз соседните предели, за тристотините трла на богатиот бег Охрузаде, за седумте илјади овци, за престојот по тамошните бачила и трла, за сточарските продукти: кајмак, јогурт, сирење, изварка, за ладни планински води, за планински тревки и за шумски плодови (рибизли, јагоди и боровници).

Рибното богатство на Преспанското Езеро отсекогаш служело како богат извор за исхрана на луѓето. Во средниот век, црковните феудалци притежавале богати рибни ловишта на Преспа. Притоа, некои црковни властелинства, со седиште надвор од Преспа, располагале со посебни права во уловот на риба во познатите преспански ловишта. На манастирот Богородица Трескавец кај Прилеп, во 30-тите години на XIV век му биле подарени двајца рибари во с. Нивица и еден рибар заедно со

родот во с. Наколец. Во тие години и охридскиот манастир Богородица Перивлепта притежавал седумдесет рибари на Преспа. На малото Преспанско Езеро рибата се ловела во прв ред со намети и котеци.

Од другите занимања заслужуваат внимание грнчарството, дрводелството и правењето бои. Називот на с. Грнчари е топономастичка потврда за рашираноста на тоа занимање. Столетните дабови и букови шуми давале добар материјал за изградба на живеалишта и стопански објекти. Од дрво се правеле чунови, станки (чамец издлабен од едно стебло), копањи, кутел, кобел (со содржина од 12 ока), буклии, корупки, (со содржина до 800 кила), кошнички и други изработки за домашна употреба.

Стопанските и другите врски на Преспа со соседните и подалечните предели се одвивале преку неколкуте комуникации. Реконструкцијата на средновековните патишта може да се изврши со помош на податоци од наративните извори. Стариот магистрален пат (Виа Егнатиа) и натаму ја поврзувал Преспа со јадранското и егејското стопанско и културно подрачје. Најстара писмена белешка за користењето на тој пат во средниот век потекнува од перото на Малхос. Тој, меѓу другото, пишува дека Источните Готи кон крајот на V век (479 година), откако ја ограбиле и запалиле Хераклеја, го продолжиле патот по една тешка и тесна комуникација и преку една тврдина положена на една височина и преку една пуста месност пристигнале во Лихнид. Подоцна, кон крајот на X век, со формирањето на македонската држава Преспа израснала во област, која политички била многу активна. Во врска со тоа се засилувало и комуницирањето на Преспа со соседните предели. Според известувањето на Ј. Скилица византиската војска се движела од Пелагонија преку Преспа за Охрид и од Охрид преку Преспа за Девол и Костур. Патната мрежа во јужна Преспа била слабо развиена поради конфигурација на теренот.

Релјефот на пределот, како и распоредот на ресурсите и на комуникациите оставиле своја трага во развојот на средновековна Преспа. Имено, во Преспа не е познато место кое би било единствен центар за целата област. Кон крајот на X век на поголемото Преспанско Езеро Самуил имал свои дворци. Таму тој изградил црква посветена на Св. Ахил и по тој христијански светител и без придавка свети и добило име споменатото Острово. Меѓутоа неговиот обем, потоа изолираната положба како и слабата поврзаност со пределот го задржал неговиот растеж во рамките на феудално живеалиште, воен пункт и црковно седиште. Аил не бил ниту можел да биде метропола на македонската држава.

Југозападниот дел од Преспа бил свртен кон средновековниот град Девол. Тој се наоѓал на работ на Корчанското поле, на месноста Кале (Kalaja e Zvezdës) над селото Ѕвезда и бил оддалечен од Преспанското Езеро колку што и Ресен. Во Девол и соседниот дел од Преспа, на Томорос и Грохот се случиле настани што оставиле длабока трага во средновековната историја на македонскиот народ.

Трето место што нешто значело во Преспа бил Претор. Тој имал убава положба, во еден питом предел и во пазувите на планината Баба.

Административно нарушување на пределската целина имало и под турска власт. Во XVI век преспанските села биле распоредени во две административни единици: во нахија Преспа и во нахија Волкашин, односно Биглиште. Граничната линија водела приближно од с. Стење на с. Острово (Голем Град) и с. Крани. Подоцна, во средината на XVII век Евлија Челебија забележал дека на Преспа не постои „касаба", туку има 40 богати и добро населени села и дека секое личи на касаба.

За најстарата историја на Преспа од населувањето на Словените па до крајот на IX век нема зачувани писмени податоци. Од тоа време, како единствени сведоци на едно минато, се останките од материјалната култура и називите на места.

Археолошките локалитети на Преспа сè уште се во фаза на рекотносцирање и парцијално испитување и нивната историска вредност може да се оцени дури по опстојни и сестрани теренски проучувања. Притоа треба да се имаат предвид прикажувањата, а и трагите од некогашните населби што се сега потонати во вода. Траги од стари потопени населби се забележани кај с. Туминец, на месноста Старо Село (темели од куќи, растурени кошои и колои), потоа во заливот на с. Конско на месноста Дреново (колови и ѕидови од стара населба) и кај с. Стење. Во 1970 година преспанските рибари во с. Мала Горица извадиле со мрежа од езерската вода големо количество археолошки материјал составен од садови и еленски рогови. Задниот наод е уште една потврда за менувањето на нивото на езерската вода, која во 1915 година достигнала до сред село во Стење. Своевремено Ј. Цвииќ согледал останки од градски ѕидови во тресавската зона на островото Аил, како и урнатини од населба на длабочина од 3 м. Врз основа на тој наод тој дошол до заклучок дека кон крајот на X век и почетокот на XI век водата била пониска од денешната височина на Езерото.

Траги од материјална култура има и на месности со назив Кале, Кула, Пирг, Град, Граиште, Старо Село, Селиште, Куќишта, Црквиште, Грмади, Гробишта и Тумба. Називите Еврејска или Ерменска црква секако означуваат стар објект.

На Преспа речиси насекаде има траги од стари градежни комплекси и објекти, грамади од камен, одломки од керамика, плочи со натпис и без натпис, со цртежи или без цртежи, деми, камен за мелење и згури. Сите тие заедно или одделно претставуваат богат материјал за проширување на нашите познавања за стари населби, за техниката на градењето, за градежниот материјал, воопшто за старото градежништво, за материјалната култура, како и за некои занимања на преспанските жители во средниот век.

За некои месности на Преспа се забележани легенди кои немаат никаква историска вредност. Кон крајот на XIX век и во почетокот на XX век се прикажувало дека с. Исток било родно место на Јустин и Јустинијан и дека таму сè уште може да се види основата на кастелот со четири кули. Според Георги Трајчев планината Петрино наводно имала име Ведериана. Прикажувањето на Охриѓани за с. Исток, како родно место на царот Јустинијан било охрабрувано од пишувањето на некои современици за словенското потекло на царот Јустинијан, кој наводно имал словенско име Управда. Идентификацијата на Виљем Тирски на Охрид со Јустијана Прима нашла свој одраз и во споменатата карта од XVII век. Во „La Macedonia“ за едно место крај Охридското Езеро се забележани пет називи и тоа: Гиустендил, Окрида, Адридус, Лихнидус и Јустијана Прима.

Најстарата историја на Преспа и покрај оскудноста на изворите сепак може да се зацрта и согледа во рамките на историјата на македонскиот народ. Нема сомневање дека политичките прилики, стопанскиот развој и општествените односи во Македонија и соседните предели имале одраз врз состојбата и развојот на Преспа.

Македонија спроти „Големото раселување на народите“ се наоѓала во границите на робовладетелската Римска империја. Таа била составена од повеќе народи и етнички групи што стоеле на различно ниво од економскиот и општествениот развиток. Кон крајот на IV век кризната состојба на робовладетелското стопанство и општество во балканските провинции особено се влошила по засилениот притисок на варварите. Населувањето на западните Готи во Мезија, каде што имало и урбанизирани населби, бил настан со неочекувани последици. Притоа, нарушувањето на сатусот на западните Готи и злоупотребата на државните чиновници довело во 377 година до востание на Готите против римските робовладетели. Во текот на востанието, кое се проширило и во другите балкански предели биле пресечени поважните комуникациони врски. Западните Готи навлегнале и на македонска територија и притоа настрадале попатните населби, а особено оние градови што

останале без одбранбени објекти или им биле запустени градските ѕидови. Тогаш, германските маси достигнале и до богатиот град Солун. Таму, во соседните гори и блатските предели, тие престојувале неколку години.

По смртта на римскиот цар Теодосиј во 395 година, процесот на распаѓањето на политичките институции бил одбележен со делењето на царството на два дела. Притоа, Македонија ѝ припаднала на источната Римска империја. Набргу потоа, западните Готи предводени од Аларих го напуштиле Балканот и преминале на Апенинскиот Полуостров. Престојот на Готите во Македонија ги нарушиле донекаде постојните робовладетелски општествени односи, стопанската активност како и работата на политичките установи. Едновремено Готите оставиле трага и во материјалната култура.

Во втората половина на V-от век низ Македонија поминале и источните Готи. Имено, по смртта на хунскиот владетел Атила, тие, ја отфрлиле хунската власт и се населиле во Панонија. Готите, во 472 година, цврсто сплотени со роднински врски, се упатиле кон македонските предели. Притоа, откако преминале преку Ниш и Улпиана, го зазеле Стоби, а потоа загосподариле со Хераклеја и Лариса во Тесалија. Во текот на тој поход останала необработена земјата, а се намалил и добиточниот фонд особено во јужна Македонија. Едновремено градовите биле парализирани поради прекинувањето на патните врски. Во градовите, особено во Солун, се зголемил и приливот на селското население.

Во 478 година источните Готи ги прекратиле нападите на Солун и се спогодиле со цариградскиот двор. Тогаш, Готите, според Јорданес и неговото дело De origine actibusque getarum добиле право да населат повеќе места во околината на Солун. Допирот на Готите со робовладетелското општество во распаѓање секако се одразил врз нивниот развој. Меѓутоа, процесот на социјално подвојување, а напоредо со тоа и на формирање на класни установи кај нив, добил размав надвор од македонските предели. Имено, источните Готи ги напуштиле привремените селишта во солунското поле и се упатиле на запад, на Апенински Полуостров. Попатно, тие достигнале до Хераклеја. Жителите на тој град, прикажува Малхос, пред нивното доаѓање се прибрале во една тврдина, во нејзината близина, веројатно над селото Орехово. Притоа, тамошниот владика попусто се обидел со поклони и со испраќање хранителни продукти да ја зачува населбата од ограбување и разорување. Готите, откако ја запалиле Хераклеја го продолжиле патот по една тешка и тесна комуникација и преку една тврдина положена на една вршчина и преку една пуста месност пристигнале во Лихнид. Градот, според Малхос, бил богат и во расцут уште од старо време. Жителите на Лихнид, снабдени со храни-

телни продукти, располагајќи со доволно количество вода и имајќи потпор во добрата положба на месноста им дале отпор на Готите.

Од описот што го оставил Малхос се гледа дека Готите се движеле по Виа Егнатиа и тоа по делницата што водела од античката Хераклеја преку Ѓавато, Преспа и Петрино до античкиот Лихнид. На тој пат, според Малхос, имало само еден каструм положен на една височина. Меѓутоа на римските итинерари (патни карти и водичи) се зацртани на тој магистрален пат неколку попатни станици, на блиска оддалеченост. Кастра секако треба да се бара на Ѓавато, на самиот превалец, на месноста аде што е денес црвата. Во Tabula imperii Romani. Кастра е изедначена со Парембоnе и се бара кај Доленци и Кажани. Втората станица засега со неутврден идентитет и положба веројатно лежела во атарот на преспанското село Козјак, можеби на месноста Горица. Станува збор за една транзитна станица на римската населба што се наоѓала на 8 км подалеку, во близина на Преспанското Езеро, кај денешното село Курбиново. Локалитетот е познат под име Корија и Сто куќи и се протега од левата страна на Курбиновска Река. Месноста од една страна стрмно се спушта во долината на Курбиновската Река, додека од другата страна благо преминува во соседниот предел. На локалитетот, како и на парцелите што се протегаат до кампот на Претор има трагi од градежни објекти, одломки од керамика и керамиди, потоа подни мозаици и една глава од мермер. По рабовите на локалитетот има грамади од камен а се распознават и темели.

Еден од најдобрите познавачи на римските патишта по име Конрад Милер ја ставил античката станица Scirtiana кај с. Крушје. Меѓутоа Фанула Папазоглу не можела да ја определи положбата на спомнатата станица, која била забележена во Itinerarium Antonini Augusti. Таа, исто така, не можела да одговори на прашањето кому му припаѓала територијата (на денешниот Ресен) меѓу станицата Brucida и Parembole. Според неа Бруцида лежела кај Буково а Паремболе била идентична со станицата Кастра, која, можеби е истоветна со Nicea кај с. Кажани.

Долгото присуство на источните Готи во средишниот дел од Балканскиот Полуостров го зголемило значењето на градот Солун во дадената воена и политичка ситуација.

По заминувањето на германското племе за Апенинскиот Полуостров, неколку децении подоцна, царот Јустинијан (527 — 565 год.) се обидел со воено-политички мерки и со законски акти да го задржи пропаѓањето на веќе разнишаното робовладетелско општество. Едновремено тој сакал да го обнови нарушениот авторитет на царската власт во границите на некогашната империја. Но и покрај тоа настојување, новите уста-

нови што подоцна прераснале во феудални постепено добивале потврда во тогашното општество. Овој внатрешен процес бил проследен и забрзан со појавата на Словените во балканските предели на Византија.

Навлегувањето на Словените преку р. Дунав зачестило од времето на Јустинијан I. Во почетокот словенските напади биле насочени кон крајбрежните предели од десната страна на р. Дунав. Подоцна, при една поволна ситуација, Словените преминувале и во внатрешните провинции, па достигнале и до Дарданија. Во тоа време, дарданската област сè уште ги чувствувала последиците од катастрофалниот земјотрес од 518 година. Подоцна, во 559 година, во еден нов земјотрес бил уништен и градот Лихнид.

Византија им се спротивставувала на варварските упади на разни начини, во прв ред со изградба на тврдини и други воени објекти по должината на границата, како и на поважните патишта. Од своја страна и византиската дипломатија настојувала да ги задржи и да ги сврти нападите на варварите, па и на Словените, со разни ветувања, со давање паричен надомест и подароци, како и со предизвикување неслога меѓу варварските племиња.

Во 581 година „словенскиот народ“ во еден поход преминал преку Елада, Тесалија и Тракија. Тогаш, според црковниот историчар Јован Ефески, Словените привремено се населиле во ромејската земја.

Словенската колонизација на Балканот започнала во втората половина на VI век и продолжила и во VII век. Од тоа време започнува и трајното населување на Словените во Македонија и во соседните предели, која според Хијероклов Синекдем била поделена на Прва и Втора Македонија.

Словените се населувале по родови и племиња. Нивните имињата потекнувале од називот на родот или од месноста што ја населиле. Во Miracula S. Demetrii II како и во други извори се забележани имињата на словенските племиња во Македонија. Верзитите (Брсјаци) биле населени северозападно од Солун. Византиските извори го употребувале називот Склавинија за означување на територијата што била населена со Словени.

При населувањето во Македонија Словените наишле на староседелци кои делумно биле романизирани или грцизирани. Тие, делумно се прибрале во Солун или се повлекле во планински предели.

Византија во 80-тите години на VII век, по населувањето на Бугарите на територијата од оваа страна на р. Дунав била соочена со нова политичка компонента, која подоцна била присутна и во историјата на македонскиот народ. Словенско-византиските односи добиле нова димензија од времето кога цариградскиот двор разбрал за освојувачките планови на Бугарија

спрема Верзитија. Во врска со тоа Византија во 773 година ги засилила подготовките за војна против Бугарија.

Склавиниите и натаму биле присутни во политичкиот живот на Византија. Меѓутоа, византиските извори премолчуваат многу настани од животот на Словените и ги бележат повеќе конфликтните ситуации во односите меѓу двете страни.

Во почетокот на IX век словенските кнезови ја помагале борбата на Бугарија против Византија. Цариградскиот двор, од своја страна правел напор во смирување и покорување на Склавиниите. Притоа и за та цел, тој употребувал и други средства покрај веќе споменатите казнени експедиции. Имено, колонизацијата на словенската територија со инороден и христијански елемент, која била наредена во 809/10 година најавувала почеток на еден нов курс на Византија спрема Склавиниите.

Во првата половина на IX век цариградскиот двор решително се зафатил да ја прошири својата администрација меѓу македонските Словени. Тоа довело до оружени судири меѓу двете страни и до големо востание меѓу Словените што живееле во горите во близината на Солун во 836/7 година. Притоа византиската власт настојувала да се зацврсти во соработка и со поддршка на христијанската црква. Првите Словени што го примиле христијанското учење потекнувале од редовите на војници во служба на Византија, како и од редовите на оние Словени што живееле во близината на христијанските населби. Широко примање на христијанството, во прв ред од Словените во Струмско и Солунско датира од времето на византискиот цар Василиј I (867—886).

Процесот на зацврстувањето на византиската администрација и на ширењето на христијанското учење било привремено задржано од арабјанскиот ограбувачки поход на Солун во 904 година.

Во IX век биле создадени услови за поголема имотна нееднаквост и за промени во општествената структура. Старешините стекнале имот и богатство и се грижеле повеќе за својот имот и за лична корист. Со тоа словенските првенци дошле во судир со основите на родовското уредување. Структурата на родовското општество била нагризната и со прибирање робови во словенските села.

Во тие години меѓу Склавиниите и византиската енклава околу Солун биле поставени мостови преку кои се одржувале допири и се вршело обострано влијание. Во размената на искуствата била присутна и словенската страна. Притоа бил очевиден нејзиниот удел во развојот на производството и во преструктуирањето на општеството.

Византија почнувајќи од втората деценија на IX век била принудена на повлекување од некои балкански предели пред на-

летот на бугарската сила. На бугарската војска, по големиот воен успех на бојното поле во 811 година ѝ биле отворени патиштата што воделе за Македонија и во друг правец. Во времето на бугарскиот владетел Борис (852—889) поголемиот дел од Македонија веќе бил во составот на бугарската држава. На освоената територија, на чело на административните единици биле поставени бугарски управници. Од тоа време, и по пробивот на бугарската власт во Македонија, византиските извори сè почесто го употребуваат името Бугари за означување на словенското население во Македонија.

Едновремено со овие настани во Македонија се одвивала мисијата на браќата Константин (Кирил) и Методија во Моравија. Таа била вклопена во широката воено-политичката активност на моравската држава во средината на IX век. Цариградскиот двор ги определил Константин и Методија за носители на мисијата бидејќи тие биле по потекло солунци. Освен тоа, тие имале искуство во таа работа, а добро го познавале говорниот јазик на Македонските Словени. На тој јазик тие преведувале и приготвувале текстови што биле напишани со првата словенска азбука. Браќата Константин и Методија тргнале во 863 година за Моравија каде развиле широка просветно-црковна дејност. Таму тие држеле проповеди, беседи и поученија а вршеле и црковна служба на словенски јазик. По смртта на Методија во 885 година неговите ученици биле прогонувани, а потоа и протерани од Моравија.

Меѓу протераните ученици на Методија што се прибрале во бугарската држава биле и Климент и Наум. Во тоа време бугарската територија, по масовното примање на христијанството, била поплавена од духовници. Притоа, во Македонија која била под бугарска власт се судрувале интересите на цариградската и на римската црква. Во дадената ситуација бугарскиот владетел направил потег кој имал далекосежни последици во историјата на македонскиот народ. Имено, во 886 година тој го испратил Климент, како човек од доверба, во Кутмичевица, во една периферна област, населена со Словени, со задача да ги поучува и воведе во основите на христијанството.

Средновековната област Кутмичевица ја покривала денешната територија на Корчанска околија, во чиј состав влегуваат Корчанско Поле, Девол и Краина Преспа. Во Кутмичевица Климент бил пречекан од обласниот управник. Притоа тој добил во градот Девол три куќи што им припаѓале на истакнати велможи (од комитски род), како и места за одмор во Охрид и Главеница. Освен тоа, според пораката на владетелот, жителите биле должни да го примаат, да му даваат конак и исхрана, како и подароци. Набргу Кутмичевица била разделена на две помали административни единици: 1. Кутмичевица во потесни рамки со Корчанско Поле и со центар во Велика или Дремвица



Ѕвезда кале и р. Девол со остатоци од колци на исушеното Малик Езеро

и 2. Котокиос со територија околу Малик Езеро и во горниот тек на р. Девол со центар во градот Девол. Средновековниот град Девол лежел над с. Звезда, близу до Преспанското Езеро, на патот Преспа-Корча и на излезот од клисурата, што се протега меѓу планините Звезда и Иван. Името е несловенско и се задржало во употреба и по населувањето на Словените. Градот имал и други називи и тоа: Стоб, Селасфорос и Астрон.

Климент развил широка културно-просветна и верска дејност во Кутмичевица и во соседните предели. Тој се движел на релација Девол—Охрид и Девол—Костур и притоа прибрал околу себе 3.500 ученици. Тој ги воведувал нив во „тајните“ на словенското писмо; исто така ги поучувал во црковниот ред, во пеење, во читање на молитви и како да го унапредат овоштарството. Освен тоа, Климент пишувал на старомакедонски јазик оригинални творби со религиозна содржина и тоа: песни молитви, беседи, пофалби и др. Постои мислење дека Климент бил творец на нова азбука, која била различна од онаа што своевремено ја измислил неговиот учител Константин (Кирил).

По седумгодишна работа на Климента биле создадени услови за организирање на црква (епархија) со употреба на словенски, македонски јазик. Имено, во 893 година била основана епископија со центар во Велика и за прв епископ на таа епархија бил устоличен Климент. Средновековниот град Велика (со втор назив Дремвица) лежел кај стар Девол над с. Борја, југоисточно од Корча. Формирањето на Величката епархија претставува значаен успех и победа на словенската црква. Со тој акт, донесен во процесот на феудализацијата, и владетелот и господаречката класа добиле значителна поддршка во зацврстувањето на авторитетот и на класните интереси.

Климент постојано се грижел за развојот на епископијата и пред својата смрт ѝ подарил дел од својот имот, а вториот дел му го дал на манастирот што го изградил во неговото омилено место во Охрид, кој бил познат и како мајка на околните градови. Тоа е воедно и најстар зачуван податок за постоење на словенски манастир и на црковен имот во тој дел на Македонија. Од тоа време датираат и врските на Девол со Охрид, како и правата што деволскиот епископ ги имал на имотот на охридскиот манастир Богородица Перивлепта. Имено, деволскиот епископ се сметал за наследник на Климент, односно на Величкиот епископ.

Во 893 година, во годината кога Климент станал епископ, за Кутмичевица бил испратен и Наум. Тој, таму, ја продолжил дејноста што ја вршел неговиот претходник. Тој цели седум години постојано поучувал, проповедувал и ширел просвета меѓу тамошното население. Потоа се повлекол од таа работа и живеел сè до својата смрт, во 910 година, во манастирот Арангели, што го изградил на јужниот брег на Охридското Езеро.

Народот во Македонија, посебно во Охридско, со длабока почит се сеќава на Климента и на неговото дело. Црквата од своја страна, раководена од свои цели, го прогласила Климент за светител. Во годините кога се разгорувало богомилското учење охридските архиепископи Теофилакт и Димитрија Хоматијан го ширеле култот на Климент на разни начини. Името на Климент и неговото дело го зачувале од заборав неговите ученици. Меѓу нив бил и Марко, „епископ во деволската епископија, четврт епископ на словенски јазик во Девол“.

Бугарското влијание во Македонија се ширело претежно преку државниот апарат. Во текот на бугарското владеење процесот на формирање на македонска народност бил усложнет но не и пресечен. Во X век се зголемило учеството на македонските предели во стопанскиот живот на бугарската држава и на Византија. Во втората половина на X век, во една поволна политичка ситуација, елементи што израснале на македонска почва извршиле пробив во политичкиот живот и се зацврстувале како политички фактор.

Слабеењето на бугарската држава датира од времето на царот Петар (927—969 година). При крајот на неговото владеење биле нарушени добрите односи меѓу бугарската и византиската држава. Во 965 година византискиот владетел Никифор II Фока прекратил да ѝ го дава на Бугарија вообичаениот данок и со тоа бугарско-византиските односи биле доведени до работ на војната. Цариградскиот двор, во дадена ситуација, кога Византија била зафатена со војна против Арабјаните, не можел со сопствени сили да се бори против Бугарија, па затоа побарал помош од руокиот кнез Свјатослав. Навлегувањето на руската војска на бугарска територија во 968 година придонесло да се намали авторитетот на централната власт, особено во оние области што не биле зафатени со руската воена интервенција. Но набргу потоа, руокиот кнез Свјатослав, откако ограбил многу градови, ја напуштил Бугарија и се вратил во својата земја, да би ја одбранил од Печенизите. Упадот на руската војска во Бугарија го натерале преславскиот двор на спогодување со Византија. Притоа, бугарскиот владетел, соодветно со договорот што го склучил со цариградскиот двор, ги испратил своите синови Борис и Роман во главниот град на Византија како заложници на мирот.

Во 969 година, по смртта на Петар, Бугарија останала без владетел. Во истата година дошло до промена на личност на цариградскиот престол. Тогаш, во отсуство на царска власт во Преслав, болјарите во Македонија и во соседните предели (Кутмичевица и Мокро) побарале свое и самостојно решение на политичката криза. Имено, според раскажувањето на хроничарот Јован Скилица браќата Давид, Мојсеј, Арон и Самуило, синови на еден силен комит, се „одметнале“ и „предизвикале

смут“. Приведените зборови на Ј. Скилица јасно и недвосмислено укажуваат дека во случајот станува збор за оружено востание и за преземање на власта. Бугарскиот историчар В. Златарски давајќи оцена на овој настан во својата Историја на блгарската држава во средните векови I/2, на стр. 590 пишува дека „комитопулите отворено откажале да ја признаваат централната власт“. Ова негово искажување било проследено и со несоодветно објаснување за целите на востаниците. Според В. Златарски „комитуполите се спротивставувале отворено на византиското влијание во внатрешниот живот на државата и сакале да се отцепат од неа, како би се подобро организирале и самостојно заштитувале од секој надворешен напад било од Руси или од Византијци“. Меѓутоа, ова негово тврдење не може да се сообрази со пишувањето на византискиот писател Јован Ставракије. Имено тој во „Чудата на св. Димитрија Солунски“ прикажува дека Самуил „го зазел целото подрачје на запад од Солун, како бугарско (што било под власт на бугарската држава — б.м.) така и ромејско“. Притоа попусто останало настојувањето на цариградскиот двор да го задржат понатамошното напредување на комитопулите. Царската власт била вознемирена од востанието во Македонија и од растежот на една нова словенска компонента со изразита антивизантиска насоченост. Поради тоа биле испратени од Цариград дома Борис и Роман синови на умрениот цар Петар со намера да го примат татковото наследство. Меѓутоа, Борис и Роман одвај да можеле нешто да направат за обновување на царската власт, бидејќи руската војска одново навлегнала на бугарска територија. Кнезот Свјатослав набргу ги средил односите со преостанатите бугарски бољари и се насочил против Византија.

Тогашниот византиски цар Јован Цимиско (969—976 година) соочен со нова воено-политичка положба на Балканот, решил да интервенира во бугарските работи. Тој тргнал со војска против рускиот воен одред во кој имало и бугарски војници. Византиската војска по жестока борба, во 971 година го зазела Великиот Преслав, престолниот град на Бугарија и го заробила Борис, последниот владетел на останките на бугарската држава. Набргу потоа рускиот владетел бил натеран да го напушти Доростол, последното руско упориште на Балканот. Завршниот акт на паѓањето на бугарската држава се одиграл во Цариград, на јавно место, со одземањето на царските знаци од заробениот Борис.

По уништувањето на бугарската држава и заробувањето на Борис, Византија претендирала врз правата и територијата што некогаш ѝ припаѓале на бугарската држава. Меѓутоа, комитопулите не ја признале врховната власт на византиските владетели и поради тоа биле сметани за одметници. За тоа време комитопулите не само што ја зацврстиле својата власт,

туку и одржувале врски со странски владетели. Имено, во 973 година пратениците на комитопулите се појавиле во кведлинбуршкото абатство каде претстојувал царот Ото. Во прилог на вакво објаснување на настаните зборува и една белешка на еден Византинец од XI век. Во неа стои дека веќе долго време ни еден византиски цар не ја потчинил Бугарија. Тука треба да се каже дека византиските писатели за територијата во централниот и западниот дел на Балканот често ги употребувале овие називи: внатрешноста на Бугарија, внатрешни области, внатрешни градови. Таа територија главно се протегала зад линијата Сервија-Бер-Воден, Меглен и Валавишта. Поимот бил толку вообичаен што останал во употреба и по паѓањето на македонската држава.

Византискиот хроничар Јован Скилица пишува уште за едно одметнување на комитопулите, овој пат во 976 година. В. Златарски во спомената книга на стр. 642 овој настан го прикажува како одметнување на источната половина на царството, која била под византиска власт и нивното придружување кон западната слободна половина. Меѓутоа, податокот што го оставил Ј. Скилица кажува за нешто друго. Имено, во 976 година, по смртта на византискиот цар Јован Цимиско, се одметнал Варда Склир во Мала Азија. Комитопулите ја искористиле ситуацијата и се нафрлиле врз територијата што била под врховна власт на Византија. Ете такво било одметнувањето на непокорните комитопули, кон кои сакале да се придружат Борис и Роман. Во врска со ова, византиските извори пишуваат не за операции на византиската војска против „востаничките упоришта“ во Македонија, туку за напади на македонската војска против градови со византиска посада и за освојување на предели соседни на Македонија. Истите извори дури подоцна прикажуваат за борби во внатрешноста на Македонија и за напади на византиската војска врз македонски градови.

Во таа борба тројца од комитопулите го загубиле животот уште во почетокот на војната. Давид загинал во една расправа со Власи сточари, кои биле излезени со својот добиток, на летните пасишта, на месноста „Убави Дабови“. Тоа се случило во планинскиот предел меѓу Преспа и Костур, веројатно во подрачјето на Дмбени и Ливадска Река. Вториот брат по име Мојсеј бил отепан при опсадата на Сер. Третиот комитопул, Арон настрадал во расправијата со најмладиот брат по име Самуил. На тој начин Самуил ја презел власта во целата територија, станал монарх, а според зборовите на Кекавмен „тиранин“ и „апостат“. Овие епитети му се дадени на Самуил за „узурпирањето“ на царската власт и поради одметнувањето на врховната власт.

Потеклото на Самуил не може целосно да се согледа од зачуваните историски извори. Податоците со кои располагаме се оскудни и нејасни и даваат можност за различни објаснувања. Легендата за Самуил внесена во „Визијата на пророкот Исаија" нема потврда во изворите. Ј. Скилица пишува дека татко му бил силен комес, но не кажува во кој предел. Од дополнувањата што ги направил Михаило Деволски се знае дека татко му се викал Никола, а мајка му Рипсимија. Можеби старозаветните имиња: Давид, Мојсеј, Арон и Самуил кажуваат нешто за нивното потекло и за пределот од каде потекнале. Споменатите имиња и денес се употребуваат во западна Македонија. Освен тоа, кон крајот на XIX век, во преспанското село Герман е најдена плоча со натпис во еден агол. Подоцна, откако поминале околу 18 години од пронајдувањето на плочата, натписот бил проучен и објавен како кирилски натпис од 993 година. Натписот во целина гласи:

Во оригинал; † в (ъ) имѧωтьца и съ
ина и стаго доуха а-
зъ Самоилъ рабъ бж(и)
полагаѫ памѧть (ωтьц-)
ѹ и матери и брат(ѹ и-)
а крьстѣхъ си(хъ. се)
имена оусъпъш(ихъ Ни-)
кола раб бжиъ (Рипсими-)
ѣ Дав(ы) дъ написа (же сѧ въ
лѣто отъ сътво(рениіа миро-)
ѵ ҂ѕ . : ф а (инъди(кта ѕ)

На натписот се читаат имињата Самоип (над буквата п е зацртана буквата л) кола и Давид, како и зборовите мајка и брат. Меѓутоа, поминало повеќе години додека натписот ја добил приведената содржина. Имено К. Иречек името на „мајка ми" го дополнил со Мари? и дури по објавувањето на „дополнувањата во ракописот на Јован Скилица" е ставено името Рипсимија. Славистите и историчарите, врз основа на приведените имиња и зборови, се искажале дека станува збор за надгробен натпис на Самуил посветен на неговите родители и на брат му.

Плочата била најдена во 1888 година меѓу други плочи, при градењето нова црква во с. Герман, односно при копањето темели за нова црква (според други кажувања, при копањето подот на црквата). Таа била свртена со натписот кон земјата и

5 Историја

на тоа место немало трага од гроб. Во врска со тоа К. Јиречек искажал сомневање дека родителите на Самуил биле закопани во селската црква. Според него плочата била пренесена од Островото во с. Герман. Меѓутоа, Иван Снегаров тврди дека Самуил изградил семејна гробница во старата црква во с. Герман. Селото, како што е познато го носи името на патронот на црквата.

Според една информација за плочата се знаело уште во 1880 година. Брат му на А. Лапчев, кој бил закупец на десетокот во с. Герман, направил „снимка" од натписот и истата му ја предал на Т. Китанчев. Меѓутоа, тој ниеден збор не кажал за неа, ни во своите писма, ни во своите статии.

Подоцна, на Преспа престојувал и В. Кнчов. Тој знаел за плочата, која, според него, била поставена врз гробот на патрикот, а потоа зарована под новоизградената црква. Според Г. Траичев плочата била прикриена под „престолот" од страв да не разберат фанариотите (а селото било патријаршиско — б.м.). Ј. Иванов пишува дека плочата била сокриена од турската власт некаде во гробиштата. Дури во 1898 година. Т. Успенскиј, директор на Рускиот археолошки институт во Цариград имал можност да ја види плочата која се чувала во олтарот и да го прочита натписот. Задниве години се искажани сомневања во врска со потеклото и исправноста на натписот. Притоа, се укажува на аголот, на неугледното место во кое стои натписот, како и на оној мал простор од 26,5 х 27 см во кој се изрезани буквите со димензии 16 до 18 мм.

Меѓутоа, сигурен показател за тесната поврзаност на Самуил со Преспа бил неговиот дворец на островот Аил на малото Преспанско Езеро. Тој имал и на други места дворци, како на пример во Сетина и во Охрид. Меѓутоа, овој на Аил му бил место за постојано живеење на неговото семејство. Островот бил опкружен со мочуришта и трстика како и со богати рибни ловишта. Самиот дворец бил изграден на највисоката точка на Аил, на месноста Кале. Во него и се одиграла епизодата меѓу Косара, ќерката на Самуило и Јован Владимир, зетски владетел. Тој, како што е познато бил заробен од Самуил во текот на војната во Дукља, а потоа бил затворен во една од кулите на преспанскиот дворец.

Некои научни работници, меѓу кои К. Иречек и Ј. Иванов искажале мислење дека столицата на Самуил се наоѓала во Преспа. Според К. Јиречек и Ј. Цвииќ резиденциите на македонските владетели од 976 до 1018 година се наоѓале на трите преспански острови: Град, Мали Град и Аил. Јордан Иванов се определил за островот Аил, а до таков заклучок дошол врз основа на историски споменици и останки од материјалната култура. Впрочем, таа своја определеност ја искажал веќе во насловот на статијата: Царъ Самуиловата столица въ Прѣспа.

Меѓутоа, на Аил имало само феудално живеалиште. Тоа го потврдуваат и следниве зборови од Летописот на поп Дукљанин: Царот (Самуил) веднаш го (Јован Владимир) протерал во Охридски крај, во местото наречено Преспа, каде бил и дворот на истиот цар. Впрочем, Јован Скилица недвосмислено кажува дека градот Охрид бил метропола на државата и дека во него се наоѓале дворците на царевите. Во Охрид, кој има подобра положба, подобри врски и побогата околија при крајот на војната биле прибрани и членовите на семејството на Јован Владислав. Притоа треба да се има предвид дека во тоа време и немало столица во денешна смисла на зборот. Самуил, во текот на животот водел многу војни и бил малку присутен во Преспа. Затоа и другите искажувања за положбата на Самуиловата столица претходно треба да се потврдат со податоци од историските извори па потоа да се примат како веродостојни. Особено треба да се провери информацијата што ја дал В. Пјанка дека „по смртта на Самоил во Преспа резидира неговиот внук од брат Владислав. По него со Преспа владеат Гаврило и Богдан".

Во близината на својот дворец на Преспа, Самуил изградил убава и голема црква во која ги сместил моштите на св. Ахил. Тие биле пренесени, по паѓањето на Лариса, во 985 година (според К. Јиречек околу 983 година, а според Р. Груиќ и И. Снегаров во 981 год.). Црквата била посветена на св. Ахил. По него добиле име блиската населба како и Островото во целина. Од црквата св. Ахил останал само северниот ѕид. На сводот од тој ѕид имало натпис. Во време на охридскиот архиепископ Теофилакт црквата сѐ уште била култно место, каде се одело на аџилак и каде се одржувале црковни собори и панаѓури.

К. Иречек името на св. Ахилеј го наведува како интересен пример на ширењето на неговиот култ во Македонија и во Србија. Според него една црква и манастир во Жеглигово во XIV век биле посветени на Ахилиј односно на Архилиј. Црква со тоа име имало и во Ариље. Според едно известување таму во Ариље наводно бил гробот на „тесалискиот владика", но истиот подоцна бил испразнет. Според К. Јиречек станува збор за ист светител, кој бил еднакво почитуван и на Преспа и во Ариље. Меѓутоа Р. Груиќ прави разлика меѓу јерејот Архилиј и епископот на Лариса Ахилеј. Според него црквата Св. Архилиј во Ариље кај Ужичка Пожега и црквата Св. Архилиј кај Поречки Брод биле посветени на Архилиј. По него и потекнуваат називите Арилевица кај Прешево и планината Ариле во Пореч. Славко Димевски во „Црковната историја на Македонија" ги замешал спомнатите цркви и дал несоодветна информација. Не е точно и пишувањето на Г. Траичев во статијата „Прѣспа", дека „црквата ја изградил цар (?) Борис (спаѓа меѓу една од

5*

седумте цркви), а Самуил ја преименувал во Св. Ахил". До таков заклучок тој дошол врз основа на несоодветно толкување на едно писмо на охридскиот архиепископ Теофилакт изведено од страна на Ј. Иванов.

За дворецот и за црквата св. Ахил е врзано прашањето за формирање на црковен центар на Преспа и во државата. Единствен извор кој нешто кажува за ова е Οἱ ἀρχιεπίσκοποι Βουλγαρίας. Во грчкиот список на „архиепископи на Бугарија" се наброени во единствена листа архиереи од неколку словенски цркви меѓу нив и Климент, кој бил само епископ. Притоа, зборот „бугарски" е употребен и за оние архиереи кои никогаш не чинодејствувале во бугарската држава, како на пример Методија и Горазд. Од тоа може да се прави заклучок дека зборот „бугарски" во дадениот текст има друго и пошироко значење. Имено во каталогот се приведени имињата на архиереи на оние цркви што го употребувале словенскиот јазик. Грчкиот список на архиепископи бил составен во време кога некому му било потребно да укаже на староста и на правата на дотичната црква.

Меѓу забележаните архиереи во „Списокот" на шесто место стои името Герман или Гаврил во Воден и во Преспа. Врз основа на овој податок Ив. Снегаров пишува дека црковното средиште било во Преспа околу 980 до околу 990. Р. Груиќ неосновано тврди дека Преспанската патријаршија ја формирал во последната четвртина на X век пребегнатиот бугарски патријарх. Иван Снегаров во својот труд „Историја на Охридската архиепископија" се обидел да ги наброи епархиите во составот на патријаршијата и да ја определи територијата на Преспанската епископија, која воедно била и патријаршиска. Според него во составот на преспанската епархија до 995 година влегувала и охридската област. Меѓутоа, ова треба да се потврди со податоци, како што треба да се провери и тврдењето на Ал. Милев дека Охрид постанал седиште на архиепископија (така е напишано — б.м.) одвај во XI век (1015 год.).

Втор извор што е користен при реконструкцијата на составот на патријаршијата е натписот во олтарот на големата црква Св. Ахил. Натписот е доста оштетен. Со сигурност се прочитани следниве епархии: Видинска, Главничка, Скопска и Средечка а како можни: Берска, Ираклиска, Велбуждска, Селасфорска, а останале непрочитани шест. Нема сомневање дека вредноста на овие податоци би била неограничена доколку се објасни потеклото и староста на натписот.

Трет извор што нешто кажува за словенските цркви на Балнот е грамотата на византискиот владетел Василиј II од 1020 година, за правата на охридската архиепископија.

Во неа меѓу другото се прикажува дека по смртта на бугарскиот цар Петар архиепископите од Дрстр (Силистрија) пре-

минувале од едно место во друго, еден во Триадица (Софија), друг во Воден и во Меглен а потоа (Василиј II) го нашол сегашниот архиепископ во Охрид. Во овој акт, за разлика од грчкиот список на архиепископи, правата на охридскиот архиепископ се протегаат само во балканскиот простор. Кога сме веќе на ова прашање да укажеме дека охридскиот архиепископ Јован, познат и од грчкиот список на архиепископи, во средината на XII век се потпишал и како архиепископ на Јустинијана Прима. Со тоа старите права на охридската архиепископија добиваат една друга димензија.

Паѓа во очи дека во споменатата грамота Преспа не е приведена како седиште на архиепископија. Меѓутоа, во претходната грамота што ја дал Василиј II на охридската архиепископија во 1019 година се кажува дека Преспа во тоа време била во составот на охридската епархија.

Кога станува збор за црковниот центар во Преспа секако треба да се има предвид и постоењето на деволската епископија во тој регион. Основана во времето на Климент како прва словенска црква, таа била регистрирана од ученикот на Климент, од деволскиот епископ Марко, потоа и на натписот во преспанската црква како Селасфорска. Подоцна охридскиот архиепископ Теофилакт пишува за таа многу богата црква, дека ја изградил бугарскиот цар Борис како една од седумте соборни цркви.

Во времето на Самуил Преспа била населена со заробени византиски војници и со жители принудно преселени од освоените предели. Според Јован Скилица жителите на Лариса, по паѓањето на градот, Самуило ги преселил во внатрешноста на земјата и ги внесол во своите воени спискови. Од дополнувањата на М. Деволски дознаваме дека многумина Ромеи и Ермени биле преселени од Самуил во Пелагонија, Преспа и Охрид. Кога Василиј II ги презел споменатите предели им оставил на ромејските заробеници да бираат: да останат таму каде што се нашле или да тргнат со него во Костур. Меѓутоа, Ерменците останале и натаму да живеат во преселените места. Архиепископот Теофилакт во писмото испратено до Дијабологиру ги споменува во Деволската епископија, каде имале свои цркви и попови.

Самуил водел војна против Византија околу четириесет години. Македонската војска претрпела тежок пораз во решавачката битка кај Клидион во 1014 година. Таа се одиграла во клисурата на р. Струма, во подножјето на планината βαλαβιστα (Валовиште), во областа Загора. Самуил се извлекол од боиштето и се прибрал во тврдиот град Прилеп. Според искажувањето на византискиот писател Михаило Аталијат, искусниот војсководител и владетел на македонската држава умрел на „мочурливото острво Преспа“. Неговото тело веројатно било

закопано на Преспа каде што бил неговиот дворец и каде што живеело неговото семејство. Меѓутоа, името на Самуил станало легенда и мит и долго време по неговата смрт се изговарало во устите на Македонците.

По смртта на Самуил избувнала сурова борба за власт, која се манифестирала во крвави пресметнувања во родот на комитопулите, како и во подвоеноста во редовите на старешините. Синот и наследникот на Самуил по име Гаврило Радомир повеќе престојувал во Пелагонија и во Петрско. Тој во Битола имал дворци, а кај споменатото езеро го чувал влезот во внатрешноста на земјата. Тука, на таа истурена позиција, по неполна година владеење, бил убиен од Јован Владислав.

Во времето на владеењето на Јован Владислав царскиот двор на Преспа и натаму ја задржал поранешната функција и улога. Таму по покана на царот престојувала ќерката на Самуил. Набргу потоа бил повикан таму и мажот ѝ Јован Владимир. Но кога тој дошол „до царскиот двор, во место кое се вика Преспа" бил погубен на излезот од црквата, во присуство на двајца владици и еден пустиножител.

Ова известување извлечено од Летописот на поп Дукљанин секако треба да се има предвид кога се чита неодамна најдената плоча во Битола. Натписот бил повод некои странски историчари и лингвисти да изразат пренагласени патриотски чувства и да упатат прекор на адреса на наши научни работници за наводно прикривање на историската вистина „и за отсуство на научната добросовесност". Имено, Јордан и Василка Заимови, врз основа на еден уште непречистен текст од натписот, тврдат дека битолската тврдина била обновена од Иван Владислав во 1015/1016 и дека Битола била последна столица на Првото бугарско царство. Меѓутоа, ова нивно тврдење не се сообразува со податоците од наративните извори. Имено, како што е горе речено, во тоа време Јован Владислав престојувал во дворот на Преспа. Едновремено, како што пишуваат и Заимови, византискиот цар Василиј II го зазел Охрид. Тогаш, според Јован Скилица, византиската војска ја пустошела и Пелагонија. Во приведеното тврдење е невозможна работа да се гради тврдина и да се има столица на една точка од магистралниот пат по која се движи византиска војска и која е присутна во регионот зад грбот на Битола. Во средниот век градовите (горни град) се воени пунктови и се градат за потребите на феудалците. Таква функција имале дворците на Самуил и на Гаврило Радомир. Српскиот владетел Душан изградил во Прилеп „двор царскии за пребивание". Поради тоа оставаат простор за размислување зборовите во четвртиот ред на натписот дека градот бил направен „на убежиште и на спасение и на жизн блгаром".

По паѓањето на Охрид под византиска власт и по загинувањето на Јован Владислав под Драч во 1018 година борби

имало уште на Преспа. Тие се воделе во пределот околу планинските премини Галичица и Петрино. Можеби и делот на Преспа околу Трајаново Кале останало уште едно време слободна територија. Самото име Kalaja e Trajanit наведува на помисла дека таму имал дворец Трајан, еден од синовите на Јован Владислав. Тој бил изграден на еден рид, крај Малото Преспанско Езеро, во близината на с. Трн. На локалитетот има останки од градски ѕид, а се распознаваат и основи на повеќе објекти и градежни комплекси.

Меѓутоа, главната борба се водела на планините Томорос и Брохот, каде дејствувале два одреда предводени од Прусијан, син на Јован Владислав и од познатиот војвода Ивац.



Томорос

Томорос е планински врв над селата Отешево и Пешчани. Проф. П. Илиевски претполага дека е зборот илирски, а можеби и предилирски и значи Црна Гора. Таму, на таа планина одредот на Прусијан бил доведен во тешка положба, бидејќи бил опкружен од византиски војници. Тие го чувале подножјето на планината и востаниците не можеле да дојдат до хранителни продукти. Поради тоа, одредот бил принуден да му се предаде на непријателот. Потоа Прусијан бил одведен во Девол. Таму бил приведен и ослепениот војвода Ивац. Овој искусен македонски војник на Ромеите им бил познат од порано, особено со воените операции што ги водел во Пелагонија. Неговата активност била причина византискиот цар да се задржи 55 дена во Девол, во близина на Ивац и на неговиот воен одред. Ј. Скилица известува дека војводата насобрал околу себе востаници, дека подготвил одметнување од царската власт

и дека сонувал да се здобие со владетелска власт. Со други зборови Ивац не ја признал врховната власт на византискиот владетел и продолжил да се бори од своето засолниште во недостапната планина Брохот (Βροχωτός) Таму, тој имал дворец по име Проништа (според М. Деволски: Копринистра). Според известувањето на Ј. Скилица дворецот имал повеќе соби, поткровна просторија со прозор и овошна градина. Византискиот писател оставил опис за начинот на кој бил фатен војводата. Имено, Ивац го празнувал денот Успение на Богородица и притоа поканил гости од поблиски и подалечни места. Меѓу гостите, на општо изненадување, иако неканет се појавил и византискиот архонт во Охрид, по име Евстатиј Дафномил. Тој, сепак бил примен од војводата. Но набргу Евстатиј со лукавство успеал да го осами Ивац, а потоа и да го ослепи со помош на двајца слуги. Потоа Евстатиј се прибира и се затвора во една поткровна просторија на дворецот. Околу неа се собираат револтирани соборци на Ивац наоружани со мечеви, копје, лакови, камења и стапови. Некои од нив носеле и запалени гламни. Меѓутоа, и покрај барањето да се уништат злосторниците сепак преовладало мислењето на старците, кои советувале да се прекрати борбата и да му се покорат на византискиот цар.

Во науката е усвоено мислењето на В. Златарски за положбата на спомената планина и на дворецот на Ивац. Имено, тој ги локализирал „Проништа и врвот Врохот“ во областа на планината Томор, кај албанскиот град Берат. Во поново време Р. Новаковиќ помислувал дека под планината Брохот се крие планината Мл. и Бургут, што се протега северно од р. Девол. Притоа, тој го идентифицира дворецот Проништа со с. Пренипте, кое лежи во јужните делови од Мокра планина.

Во дадениот случај, и пред да се определи положбата на оронимот секако треба да се уточни неговиот назив. Тој е напишан Брохот. Притоа не се дадени и можни варијанти како што е направено на пример со топонимот Струга (Στρούγας, Στρούβας, Στρούδας). Во врска со називот Брохот треба да се каже дека тој не е вообичаен кај нас. Во нашата номенклатура се употребува исклучиво Грохот, Гроот во значење каменливо место. Грохот, Гроот, Голем Грот се називи за рид и предел северно од Велес, меѓу споменатиот град и с. Слп. В. Кнчов забележал и Гроот како предел во велешка каза со 24 села. Потоа кај с. Канарево, Кумановско постои месност Грохот. Станува збор за една карпа и за пропаст длабока до 60 метри. Освен тоа, северно од Врање се протега планински врв Грот (1328 м). Топонимот е забележан и во дечанските хрисовули: оу грохотъ, до грохота. Планината Брохот, односно Грохот бездруго се наоѓала меѓу Охрид и Преспа. Во прилог на предложената убикација зборуваат текот на настаните со Прусијан

и положбата на планината Томорос, потоа движењето на византискиот цар од Охрид преку планината Петрино и Преспа за Девол, потоа изградбата на тврдината Василида на врвот од споменатата планина и најодзади интервенцијата на охридскиот архонт Евстатиј Дафномил како најблизок византиски старешина до засолништето на Ивац. Со време називот Грохот е заборавен и заменет со називот Исток Планина, во која спаѓа и Црвен Камен, најистакната точка на планината.

Во пазувите на таа планина, на месноста Кале некогаш лежел дворецот Проништа. Неговите останки сѐ уште се распознаваат на спомената месност. Калето е сместено во скришно и недостапно место, во еден простран и длабок котел, чии страни се зараснати со густа шума. До него води единствен пристап по долинката на Источка Река. Дворецот бил изграден на еден голем рид кој стрмно се спушта кон Источка Река и Кошарница. На врвот од ридот уште има грамади и темели од некогашните градежни комплекси и објекти на дворецот. По средината и работ на локалитетот покрај грамади од камен се забележуваат надгробни плочи и одломки од керамиди. Месноста сега е покриена со грмушки и дрвја од габер, леска, дрен, даб, јавор и цер.

Во близина на Калето, од другата страна на Источка Река има месност Влашки Колиби со Долна и Горна Црква. Освен тоа, во најблиското село Евла постои црква посветена на „Успение Богородично". Тој ден како што е познато Ивац го одбележувал со поканување гости. За староста на местото зборуваат и горе приведените легенди. За Исток се прикажува, покрај друго, дека таму бил роден царот Јустинијан.

Во тесна врска со епизодата со Ивац стои изградбата на тврдината Василида. Според Јован Скилица, византискиот цар откако го поставил Евстатиј Дафномил за архонт на градот Охрид, тргнал за езерото Преспа, преку една планина, која се протегала меѓу двете езера. На врвот од споменатата планина тој изградил тврдина што ја нарекол Василида. Едновремено тој, на споменатото езеро, подигнал уште една, која според М. Деволски ја нарекол Констанцион. Јордан Иванов при убицирањето на споменатите тврдини напишал дека Василида „одговара на некој кастел над с. Царевдвор, а Константија се нарекла тврдината и островот Преспа (Ахил)".

Меѓутоа хроничарот јасно и недвосмислено ја определил положбата на Василида. Таа била изградена на врвот на планината Петрино, над самиот дворец на Ивац. Како воен пункт во еден предел, кој секогаш бил готов на одметнување, Василида била определена да го контролира магистралниот пат на делницата Охрид — Пелагонија, како и патот што од Охрид водел преку Преспа за Девол. Од некогашната комуникација е зачуван микротопонимот Друм, на 'рбетот на Петринската па-

дина. Месноста врз која била изградена тврдината Василида личи на шаториште. Станува збор за еден каменен рид, кој во вид на шатор се издига над Петринското Поле. Локалитетот е зараснат со буки и врби и тоа нешто го отежнува неговото рекогносцирање. Во западниот дел од тврдината се распознава долниот дел од една просторија. Освен тоа, има траги уште од неколку простории, кои меѓусебно биле преградени со ѕидови. При ѕидањето бил употребен црвено-бел малтер. Тврдината на западната страна имала 2 појаси ровои. Таа некогаш располагала и со јака вода за пиење.

Исто така, и втората тврдина Констанцион имала улога на воено упориште. Таа била изградена наспроти островот Аил, во близина на брегот на малото Преспанско Езеро, на месноста Кале, кај селото Рудари. Констанцион имал слична функција како и Василида, а и тврдините Кардија и Св. Илија што Василиј II ги изградил меѓу Воден и Острово. Имено тврдината Констанцион го контролирала патот Преспа—Костур, потоа Преспа—Лерин, како и комуницирањето меѓу Преспа и долината на р. Девол.

Василида, надвисната над Преспа и Охрид, била постојана закана за самостојниот и слободниот развој на споменатите предели. Имајќи го тоа предвид, Петар Дељан, водач на востанието против византиската власт во 1040 година испратил војска против неа и ја зазел споменатата тврдина. Во текот на XI век, во 1072 година, Преспа уште еднаш се кренала на востание. Меѓутоа, по поразот на востаничката војска под Костур, во Преспа навлегол непријателски одред составен од наемници Алемани и Франки. Тие оставиле вистинска пустош зад себе, разорувајќи го преостанатиот дворец на Преспа и ограбувајќи ја црквата Св. Ахил.

По задушувањето на востанието на Ѓорѓи Војтех следувал еден подолг период на консолидација на византиската власт и на засилената феудална експлоатација. Тој процес на феудализација бил од време на време нарушуван од ширењето на богомилството, од бунтови на византиски магнати и од навлегувањето на странски одреди.

Во 1078 година преку Преспа поминала војската на драчкиот дук Василакиј. Набргу потоа и веднаш по преземањето на власта од страна на Алексиј Комнин (1081—1118) западните и јужните предели на Македонија биле изложени на нормански напади. Притоа, тие освоиле повеќе градови и предели, ја претазиле Пелагонија, Трикала и Костур и извршиле воен притисок врз тврдините Охрид и Острово.

Кон крајот на XI век низ Македонија поминале западноевропските рицари од Првата крстоносна војна. Тие го користеле во прв ред магистралниот пат Драч—Охрид—Преспа — Пелагонија—Воден и Солун. На охридскиот архиепископ Тео-

филакт минувањето на крстоносците од Првиот крстоносен поход му оставило силен впечаток. Во писмото што го упатил до кипарскиот епископ пишува дека тој настан го привлекло вниманието на сите и дека се сите целосно свртени кон него. Притоа, се жали дека не знае како да го нарече тоа: минување или упад на Франките. Еден крстоносен одред кон крајот на 1095 година од J. Албанија преку Дринопол пристигнал во Костур. Тука го одбележиле христијанскиот празник Божик. Притоа ограбувале од населението во Костурско добиток (волови, коњи и др.) и хранливи продукти (жито и вино). Од Костур го продолжиле патот за Пелагонија каде спалиле една еретичка тврдина што била изградена во некакво езеро. Споменатиот каструм бил идентифициран со Асамати на Преспанското Езеро. Меѓутоа, Асамати не лежи во езеро, ниту таму има место соодветно за тврдина. Освен тоа, малку е веројатно крстоносците да се движеле по заобиколен и далечен пат преку Преспа и Асамати за Пелагонија. Тие секако оделе по патот од Костур преку Клисура и Острово за Воден и Солун. На тој пат лежело и гратчето Острово во езеро.

Навлегувањето на Норманите, минувањето на крстоносците како и грабежите на византиските војници ја влошувале и онака тешката положба на зависните луѓе. Станува збор за парици, клирици и отроци, за експлоатирана и бесправна категорија луѓе во феудалното општество. Известување за зависни луѓе на Преспа има во грамотата на византискиот владетел Василиј II од 1019 год. за правата на охридската архиепископија. Во неа е одредено дека охридскиот архиепископ има во градовите на својата епархија: Охрид, Преспа, Мокро и Кичево 40 клирици и 30 парици. Статусот на париците бил определен со закон. Тие биле задолжени со даноци, давачки и работни обврски. Парикот не можел слободно да се движи и секако требало да има господар. Меѓутоа, се случувало да се наруши утврдениот ред. Притоа, имало појава на собирање данок во двојно поголем износ. Понекогаш, световните магнати, алчни на земја и на работна рака, насилно заграбувале парици и имоти од манастирите.

Клириците (ниското свештенство) во споредба со другите зависни луѓе биле во нешто подобра положба. Тие, имале некои даночни олеснувања и намалени работни обврски.

Најтешка, речиси ропска положба имале отроците. Тие потекнувале претежно од луѓе што биле заробени во текот на војните. Работната рака на отроците се користела по домовите, а и на имотите на феудалниот господар.

За зависните луѓе тешко бреме претставувале работните обврски. Работата се вршела без надомест и претежно со свој инвентар и работен добиток. Со ангарија се граделе и одржувале градови, дворци, цркви, мостови, патишта, се заорувале

ниви, се собирале посеви, се копало лозје, се сечела шума, се вршел превоз на дрвен материјал и др.

Црквата собирала данок познат под името канионикон. Според хрисовулата на византискиот владетел Алексиј Комнин од 1085 година канониконот се собирал од секое село според бројот на домаќинствата и тоа во одредени количества хранливи продукти, во пари и во добиток.

Даночната политика и злоупотребите на даночните чиновници ги поставила црковните луѓе во Преспа и во Девол во неиздржлива положба. Тие, не можејќи да одговорат на своите обврски, ги напуштиле своите населби и се прибрале во соседните гори. Тој своевиден отпор и бегање од вонредни даноци го натерале и деволскиот епископ да ја напушти епархијата, бидејќи останал без верници.

Во преодот од XI во XII век Преспа секако била организирана во одделна политичко-административна единица. До архонтот на Преспа стои во адресата на едно од писмата на Теофилакт Охридски. Во 1108 година во Преспа заседавал црковниот синод и во врска со тоа бил замолен преспанскиот архонт да помогне во собирање на храна.

Во XII век расте интересот на западна Европа за балканските предели на Византија. „Географијата" на Идриси со податоци за градови и комуникации е израз на степенот на развојот на меѓусебните односи. Притоа Венеција располагала со добри познавања на стопанските и политичките прилики на Балканот. Во Привилегиумот на византискиот цар Алексиј III, даден на венецијанскиот дужд Хенрико Дандуло од 1199 год., се забележани повеќе провинции. Меѓу нив се регистрирани „Провинциа Преспе" и соседните провинции: Костур, Девол, Колоња, Охрид. Кон овие треба да се приведе и една сложена провинција составена од Прилеп, Пелагонија, Молско и Меглен.

Во преодот од XII во XIII век Византија доживувала една од најтешките кризи од своето постоење. Имено, во стопански заостаната земја се засилувале политичките и социјалните спротивности. Освен тоа, однадвор се засилувал економскиот и воениот притисок на Венеција. Во текот на IV-тата крстоносна војна Венеција ги остварила вековните стремежи за воспоставување трговски монопол и поморска доминација во источниот дел на Медитеранот. Во 1204 година западноевропските рицари со поддршка на поморските сили на Венеција го нападнале и на јуриш го зазеле Цариград. Под тој удар се распаднала византиската држава.

Епирското деспотство, основано во годините на IV-тата крстоносна војна загосподарила во втората деценија на XIII век со дел од Македонија, па и со Преспа. Меѓутоа, по поразот на епирската војска кај Клокотница бугарската војска, според натписот во црквата 40 маченици во Трново, освоила „грчка,

арбанашка и српска земја“. Под бугарска власт потпаднала и Преспа. Во дубровничката грамота на бугарскиот владетел Иван Асен II на Дубровчаните им се дадени права и привилегии за трговија „во Скопската област или Прилепската, или во Деволската област или во Арбанашката земја“. Меѓу приведените области ја нема Охридската која играла значителна улога во времето на Епирското деспотство и охридскиот архиепископ Димитрија Хоматијан.

Во следните години западна Македонија станала поприште на борба меѓу балканските држави. Никејската војска во еден налет, во 1259 година напреднала до Дасаретските езера и притоа ги зазела градовите Девол и Охрид. Едновремено на Никејците им се предале Преспа, Пелагонија, Соск и Молско. Набргу потоа во 1261 година Латините биле потиснати од Цариград и било обновено византиското царство.

Потоа следува еден период со оскудни известувања за Преспа и за соседните предели. Единствен податок може да се најде во поемата на Манојло Фил. Во неа тој меѓу другото пишува и за војните што Михаило Глава Тарханиот ги водел на запад, во Албанија, против воениот одред на „Италијците“ во 1281 година. Притоа тој ги забележал градовите Драч, Кроја, Канина и уште два града: Δρεανοβισκος и Αστρον . Положбата на споменатите градови е непозната. Веројатно станува збор за градови во Деволската област. Дреновиско треба да се бара во близината на корчанското село Дреново, кај месноста Ески Девол, а Астрон е идентичен со градот Ѕвезда. Во 1308 година титуларниот цариградски цар Карло Валоа претендирал врз охридската област. Тогаш, во интересната сфера на Карло Валоа секако влегувала и Преспа.

Обновената Византија речиси полни 70 години владеела со Преспа. Српската власт во овие предели се проширила со извесно задоцнување. Околу 1329 година српската војска навлегла во Железнец (Демир Хисар) и Дебарца и со тоа се доближила до Преспа и Охрид. Византискиот цар Андроник III Палеолог (1328—1341) согледувајќи ја опасноста од српскиот пробив насобрал војска и во 1330 година го нападнал и зазел средновековниот град Бучин, кој лежел на излезот на р. Црна во Пелагониската рамнина. Набргу потоа се предале градовите Железнец и Дебарца. По неколку години, во 1334, српските феудалци, со помош на грчкиот пребег Сиргијан, во еден налет ја зазеле Преспа заедно со Прилеп, Чемрен на р. Црна, Железнец на изворот на р. Црна, Охрид, Костур и Струмица.

Со тоа освојување му се ставило крај на долгото византиско владеење во Македонија. Во 1345 година српскиот владетел Душан, држејќи под своја власт голем дел од западните провинции на византиското царство, се прогласил за цар на Ср-

бите и Грците. По смртта на Душан во 1355 година бргу опаднал авторитетот на централната власт. Тогаш, големите феудалци се зацврстиле во доминантен политички фактор во земјата. Српските феудалци, од порано, во текот на војните, на разни начини стекнале големи имоти и власт на освоената територија.

Во времето на владеењето на цар Урош (1355—1371 година), наследник и син на Душан царската власт била намалена, односно поделена со велможите. Меѓу феудалните господари во Македонија челно место имале браќата Волкашин и Углеша. Кон крајот на 1365 година Волкашин примил звање крал.

Едновремено со растежот на кралската власт се засилувал турскиот притисок врз Серското деспотство. Деспот Углеша согледувајќи ја опасноста од Турците Османлии настојувал да ги покрене своите соседи во борба против заедничкиот непријател. Меѓутоа, во тогашната военo-политичка ситуација деспотот Углеша и кралот Волкашин останале осамени во борбата. Браќата, откако насобрале војска, се упатиле кон Одрин, кон тогашното седиште на турските освојачи. Таму, во близината на споменатиот град, кај месноста Черномен, на реката Марица, на 26. IX. 1371 година се судриле двете војски. Исходот на бојот бил поразителен и судбоносен за Македонија во целина. Во борбата загинале браќата Углеша и Волкашин, како и многу други војници. Синот на Волкашин ја признал турската врховна власт. Тој ја задржал кралската титула на територија што се протегала од Скопје до Костур.

По битката на Марица македонските предели биле оставени речиси без одбрана, бидејќи поголемиот дел од феудалците или бил заробен или загинал на боиштето. Во првите години по Маричката битка Турците Османлии се ориентирале повеќе на упади во македонските предели. Во текот на тие походи имало и грабежи и водење на населението во ропство. Тоа, како и големата глад што владеела во тоа време значително го намалила бројот на жителите и во градовите и во селата. Турците во 80-тите години на XIV век преминале кон трајно завладување на македонските градови. Во 1385 година Тимурташпаша, движејќи се од Самоков преку Овче Поле, ги зазел градовите Штип, Велес, Прилеп и Битола. Тогаш, веројатно и Преспа паѓа под турска власт.

Во Преспа, во XIV век, бил раширен крупниот имот на црковните и световните феудалци. Манастирот Богородица Трескавец кај Прилеп притежавал, според грамотата на српскиот владетел од 1335 година, „двѣ ловишти“. Во втората грамота на споменатиот владетел издадена околу 1337 година, се забележани и називите на местата каде биле ловиштата, како и имињата на рибарите. Имено, манастирот имал во „Нивицах“ 2 рибари по име Амартол и Добре, приложени од царот. Потоа,

во Наколец притежавал уште еден рибар по име Сопрст. Споменатиот рибар бил приложен од кралот заедно со родот и браќата, како и со ловиште. На манастирот Богородица Трескавец му припаѓала како метох и црквата Свети Николе во с. Љубојно, како прилог на охридскиот архиепископ Никола. Втор црковен земјовладелец што имал имот на Преспа бил манастирот Богородица Перивлепта во Охрид. Негов метох бил Јанков Дол заедно со воденици. Освен тоа, тој притежавал и 70 рибари во Наклѣ (Накол), во Пустецкиот Залив. Бројот на рибарите бил голем и доколку е тоа точно зборува за едно развиено рибарење, а и за големите потреби на црквата за риби. На имотот на манастирот Богородица Перивлепта српската кралица Елена и деволскиот епископ Глигорие имале посебни права што биле рамни на ктиторските овластувања.

Од времето на владеењето на кралот Волкашин е познат и еден висок достоинственик на Преспа. Неговото име било Новак и носел звање кесар. Тој бил ктитор на црквата Богородица на островот Мали Град на Преспа. Тој бил еден од последните христијански феудалци на Преспа. Со ширењето на турската власт настанува пресврт во имотно-правните односи. Старите сопственици постапно но сигурно го губеле имотот. Тој бил разделен претежно во тимари на оние што служеле во турската војска.

## ИЗВОРИ И ЛИТЕРАТУРА


Антољак Стјепан, Преспански Асамати — „утврден град на еретиците" кај езерото во Пелагонија од I крстоносна војна (1096). Гласник на Институтот за национална историја XVIII, Скопје 1974.

Babinger Franz, Beiträge zur Frühgeschichte der Turkenherrschaft in Rumelien (14—15 Jahrhundert) München 1944.

Византијски извори за историју народа Југославије III, Београд 1966.

Gelzer Heinrich, Der Patriarchat von Achrida, Leipzig 1902.

Грујић Р. Скопска митрополија, Споменица првославног храма Св. Богородице у Скопљу 1835—1935, Скопље 1935.

Гръцки извори за българската история VI, София.

Данило и други, Животи краљева и архиепископа српских, Загреб 1866.

Димевски Славко, Црковната историја на Македонија, Скопје 1965.

Duklanina popa Letopis. Zagreb 1956.

Заимов Йордан, Битолски надпис на Иван Владислав самодръжец български, София 1970.

Златарски В., История на българската държава през срѣдните вѣкове III, София 1940.

Ивановъ Йорданъ, Български старини изъ Македония, София 1931.

Ивановъ Йорданъ, Цар Самуиловата столица въ Прѣспа, Извѣстия на Българското археологическо дружество, I, София 1910.

Илјада години од востанието на комитопулите и создавањето на Самуиловата држава, Скопје 1971.

Jireček Const. und Jagić V., Die Cyrillische Inschrift vom Jahre 993, Archiv für slavische Philologie XXI. Berlin 1899.

Jireček Const., Das christliche Element in der topographischen Nomenklatur der Balkanländer, Wien 1897.

Книга за Климент Охридски, Скопје 1966.

Китанчевъ Траичо, Съчинения, София 1898.

Конески Блаже, Името на градот Битола, Годишен зборник на Филозофскиот факултет на Универзитетот 23, Скопје 1961.

Кънчов Васил, Избрани произведения, II, София 1970.

Кънчов Васил, Битолско, Преспа, Охридско, Избрани произведения I, София 1970.

Латински извори за българската история, III, София.

Мошин Владимир, Битољска плоча из 1017 године, Македонски јазик XVII, Скопје 1966.

Папазоглу Фанула, Македонски градови у римско доба, Скопје 1957.

Пјанка Влогимјеж, Топономастика на Охридско-преспанскиот базен, Скопје 1970.

Снѣгаровъ Иванъ, История на Охридската архиепископия I, София 1924.

Ташковски Д. Самуиловото царство, Скопје 1961.

Томоски Томо, По трагите на средновековниот град Девол, Годишен зборник на Филозофскиот факултет на Универзитетот во Скопје, 2 (27), Скопје 1975.

Tomaschek W. Zur Kunde der Hämus Halbinsel II.

Трайчев Г. Прѣспа, София 1923.

Fels E. Die Vielfältigkeit griechischer geographischen Namen, Byzantinischer Zeitschrift 44 Band, München 1951, Heft 1/2.

Phile Mannuelis, Carmina, Parisiis 1857.

Филиповић Миленко, Северна велешка села Насеље и порекло становништва, кн. 28, Београд 1935.

Цвијић Јован, Основе за географију и геологију Македоније и Старе Србије III, Београд 1911.

Celebi Evlija, Putopis, Sarajevo 1967.





